# Општина Кочани

Ул. Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 * Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


Врз основа на член 50 став (1) т.13, т.14 и т.16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 година), а во врска со член 23 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020), Градоначалникот на Општина Кочани донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 08-294/1
26.01 2022 год.
КОЧАНИ

Одлука
за одредување на заменик службеник за млади

Член 1

Дијана Апостолова Златкова вработена во Општина Кочани се одредува за заменик службеник за млади и ќе биде заменик одговорно лице за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на општината.

Работите за кои е одреден заменик службеникот за млади од ставот 1 на овој член ќе ги врши во случај на спреченост или отсуство на службеникот за млади и/или како дополнителна помош и соработка на службеникот за млади.

Во случај на спреченост или отсуство на службеникот за млади, заменик службеникот за млади од ставот 1 на овој член изготвува годишен извештај за работата на општината во делокругот на млади кој го поднесува до Агенцијата за млади и спорт и го објавува на веб - страницата на Општина Кочани.

Контакт информациите за заменик службеникот за млади од ставот 1 на овој член се јавно достапни со објавување на истите на веб страницата на Општина Кочани и на огласна табла на Општина Кочани.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник на Општина Кочани
Љупчо Папазов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ

Изготвил: А.К.
Одобрил: Д.Р.